слична привремена употреба - дневно 30,оо денари.

**Тарифен број 3.**

За користење на просторот пред деловните простории за вршење дејност од м2 дневно 10,оо денари.

**Тарифен број 4.**

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:

- до 7 дена 600,оо денари
- до 30 дена 1.000,оо денари
- до 1 година 1.600,оо денари

**Тарифен број 5.**

За користење на музика во јавни локали-годишно 5.000,оо денари.

**Тарифен број 6.**

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно и тоа:

- за физички лица кои вршат дејност 1.000,оо денари.

-за правни лица од областа на производството, прометот и услугите 2.000,оо денари.

**Тарифен број 7.**

За користење на плоштадите и друг простор во градот и другите населени места со цел за изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност се плаќа такса за заземена површина од м2 дневно 5 денари.

**Тарифен број 8.**

За користење на просторот за паркирање м.в.

-Паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта дневно 30,оо денари

-По час 10 денари.

-Паркирање на товарни м.в. и автобуси - дневно 70 денари.

-Паркирање на приколки дневно 30,оо денари.

**Тарифен број 9.**

За користење на улиците со патнички, товарни м.в..., автобуси, специјални возила и мотоцикли и тоа:

-за патнички возила до 1000 кубика 70,оо денари.

-за патнички возила од 1000 до 1300 кубика 100,оо денари.

-за патнички возила од 1300 до 1500 кубика 130,оо денари.

-за патнички возила од 1500 до 1800 кубика 400,оо денари.

-за патнички возила над 1800 кубика 600,оо денари.

-за товарни возила по тон носивост 130,оо денари

-за автобуси и други возила што служат за превоз на патници 700,оо денари.

-за специјални возила 70,оо денари

-за сите видови мотоцикли 70,оо денари.

**Тарифен број 10.**

За користење и одржување на јавно осветление се плаќа комунална такса во висина на противвредност на 15 киловат часови по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општината Кочани.

Бр. 07-700/1
30.06.2005 година
Кочани

Претседател,
на Советот на општина Кочани
Георги Петров

---

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за угостителска дејност ("Сл. весник на РМ" бр. 62/04) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Кочани ("Сл.гласник на општина Кочани" бр. 12/02), Советот на општина Кочани на седницата одржана на ден 30.06.2005 година донесе

**О Д Л У К А**

**За определување на висината на надоместокот за издавање на Лиценца за вршење на угостителска дејност во: кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор за подрачјето на општина Кочани**

Член 1

Со оваа Одлука се определува висината на надоместокот за издавање на Лиценца за вршење на угостителска дејност во: кабаре, нокен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор за подрачјето на општона Кочани.

Член 2

За издавање на Лиценца за вршење на угостителска дејност се определува надоместок во следните износи:
-За кабаре 4.000 ЕВРА;
-За нокен бар 6.000 ЕВРА;
За дискоклуб и дискоклуб на отворен простор 7.500 ЕВРА.

Надоместокот се уплаќа во денарска противвредност.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општината Кочани".

Бр. 07-701/1
30.06.2005 година
Кочани

Претседател,
на Советот на општина Кочани
Георги Петров

Врз основа на член 6 став 4 од Законот за даноците на имот ("Сл. весник на РМ" бр. 61/04) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Кочани ("Сл. гласник на општина Кочани" бр. 12/02), Советот на општина Кочани на седницата одржана на ден 30.06.2005 година донесе

ОДЛУКА
За утврдување на висината на стапките на даноците на имот за подрачјето на општина Кочани

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на стапките на даноците на имот на подрачјето на општина Кочани и тоа:

А/ ДАНОК НА ИМОТ 0,10%

Б/ ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК за
-Обврзник од втор наследен ред 3%
-Обврзник од трет наследен ред 5%

В/ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ 4%

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општината Кочани"

Бр. 07-702/1
30.06.2005 година
Кочани

Претседател,
на Советот на општина Кочани
Георги Петров

Врз основа на член 100, од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/2002 година), Советот на општина Кочани на седницата одржана на ден 30.06.2005 година донесе

ОДЛУКА
За определување на висина на надоместок на членовите на Советот на општина Кочани за присуство на седница на Советот и на работните тела на Советот на општина Кочани

Член 1

Со оваа одлука се определува висината на надоместокот на членовите на Советот на општина Кочани за присуство на седница на Советот и на работните тела на Советот на општина Кочани.

Член 2

На членовите на Советот на општина Кочани за присуство на седница на